ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



# ПРИРАЧНИК НА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
# САКАМ ДА ОСНОВАМ БИЗНИС

2020/21

# ПРИРАЧНИК НА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР

# САКАМ ДА ОСНОВАМ БИЗНИС


ЦЕНТРАЛЕН
РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Почитувани корисници,

Централниот Регистар е сервис на деловната заедница и граѓаните. Како таков, наша примарна цел е секогаш да ги слушнеме Вашите потреби и да се прилагодиме кон нив. Услугата не вреди доколку не ја постигне својата цел, а тоа е да им овозможи на нашите корисници, брз, едноставен и разбирлив пристап до истата.

Во таа насока, имаме чест да Ви го претставивме овој Прирачник како дополнителна алатка, преку која Вие, нашите корисници и идни претприемачи, на едно место ќе можете да ги најдете сите потребни информации со цел да го почнете својот деловен потфат и да зачекорите во светот на бизнисот, а ние остануваме секогаш тука за било кое прашење или помош која би ви била потребна.

Огромно задоволство ми е да Ви го претставам **Прирачникот – Сакам да основам бизнис на Централен регистар.** Со овој Прирачник, сакаме да демонстрираме дека секогаш сме на страната на корисниците и дека постоиме за да дадеме максимална поддршка на секој постоечки и потенцијален правен субјект во земјава, на сите кои имаат регистрирано сопствен бизнис, но и на секој еден кој би сакал да стане дел од бизнис заедницата во РСМ. Нашите корисници ја заслужуваат нашата поддршка, а ние неминовно работиме на тоа. Со овој Прирачник граѓаните се на еден чекор од основањето на сопствениот бизнис. Се надеваме на дека им овозможуваме пријатно корисничко искуство на сите кои зависат од нашите сервиси, всушност тоа е нашиот врвен приоритет.

Исто така еден од врвните приоритети е да помагаме во градењето на сликата за стопанството користејќи ја единствената веродостојна верзија на податоци со која располагаме. Особено сум горда на „Статистичкиот билтен", кој е сервис е наменет за сите корисници, граѓаните, Владата и институциите кои имаат потреба и интерес да се стекнат со познавање од статусот и состојбите на движењата на големите, средните и малите макро и микро бизниси во државата, раздвиженоста по сектори, области и дејности. Користејќи ги "морето" од податоци со кои располагаме одлучивме да го креираме овој билтен за да понудиме преглед на низа сумарни, макроекономски податоци од регистрите кои ги управува ЦРРСМ кои ја одразуваат генералната економска клима на државата. Иницијативата за неговото создавање е на наше големо задоволство, а има за цел да ја даде правата слика за стопанството која им е потребна на многу заинтересирани страни внатре но и надвор.

Воедно во оваа прилика дозволете ми да го изразам моето задоволство од постигнатите успеси со кои заеднички придонесовме да оваа институција ја достигне денешната позиција на кориснички - зрела организација, не само во домашни, туку и во регионални и меѓународни рамки, што е доказ дека институцијата се движи со смели чекори напред.

Оваа институција важи за исклучително внимателна кон своите соработници, корисници на услуги и сите останати граѓани, а со тоа го оправдува збирот на вредности, атрибутите со кои се стекна, и гордо се носи со позицијата на стабилен фактор во креирање на поволна бизнис клима во оваа земја.

Низ историјата од своето постоење, Централен регистар на Република Северна Македонија се соочуваше со огромни предизвици, процеси на трансформација од централна база на бизнис податоци, до креирање на цело богатство од други видови регистри и релевантни податоци впишани во истите.

Со трансферот на регистрација од трговските судови, конверзијата на судските влошки во електронска форма, се воспостави единствен централизиран трговски регистар, а постапката за регистрација на правен субјект се скрати од 48 на 3 дена, за денес регистрација на фирма да биде возможна во рок од 4 часа.

Меѓу поголемите проекти на оваа институција би ги издвоила - Интероперабилност со Управата за јавни приходи, КИБС и агенција за вработување, поднесувањето на Годишните сметки се автоматизираше, се воведе општата бизнис Клаузула, а на бизнис заедницата и понудивме едноставен дистрибутивен систем и систем за електронски потврди за информации достапен 24 часа. Од особено значење е проектот Заедничка платформа за отпочнување на бизнис како технолошка интеграција со стандардизирана размена на податоци помеѓу Централниот регистар, Управата за јавни приходи и Агенцијата за вработување, истот веќе е пуштен во употреба, а проектот целосно реализиран.

Во рамки на овој проект е реализиран и проектот Нов модернизиран веб Портал за услугите на Централен регистар.

Со Новиот портал ги исполнивме барањата на Отвореното владино партнерство, креиравме ОТВОРЕНИ ПОДАТОЦИ, нужни за професионалните корисници, коморите и за сите кои имаат потреба од информации од јавен карактер поврзани со бизнис климата во земјава.

Достигнување ниво на лидерска позиција во регионот и пошироко со богат спектар на услуги и податоци, обработени по најсовремена технологија не беше ниту малку едноставно и лесно.  Со таа привилегија оваа институција се здоби поминувајќи низ низа сложени, но многу ефикасни развојни процеси, како што се Електронска регистрација на друштва, залог и лизинг, електронски систем за стечајни постапки, воведување на Регистар на дисквалификувани

лица, па се до проектите кои произлегоа од усогласувањето со ЕУ Директивите, односно имплементацијата на Регистарот на вистински сопственици.

Согласно 4 годишната Развојна програма на Централниот регистар на Република Северна Македонија, насловена како "Трансформација на ЦРРСМ од регистарска во сервисно ориентирана организација", реализиравме големи проекти чија клучна цел се реформи, односно подобрување на севкупната деловна клима во земјата.

Отвораме се повеќе канали за комуникација со нашите клиенти и партнери бидејќи нивните потреби и нивната критика е она кое дава правец на нашиот развој.

Чекор напред, е формирањето на одделението за техничка помош, без која граѓаните не би можеле да ги остварат своите права – директно да комуницираат со Централниот регистар и да регистрираат субјект преку проектот Е-Поднеси сам.

Во рамки на стандардите за квалитет, за кои институцијата е сертифицирана, имплементиран е и Стандардот за безбедност на информации – ИСО 27001, особено значаен за базите на податоци и сигурноста на системите.

Чест и задоволство ми е што како член на извршниот комитет на Светскиот форум на бизнис регистри – Corporate Registers Forum, успеваме со активно учество во форумот да придонесеме во прогрес и на оваа организација.

Нашите заложби како тим се модел и пример за развој на една организација синхронизирана со светскиот бизнис курс и стекнување на доверба кон граѓаните, а сето тоа е базирано на превземање реални чекори и долгогодишна напорна работа. Тие чекори не се воопшто лесни, бараат компромиси помеѓу потребите на корисничката бизнис фела и законските можности.

Компаниите сакаат континуитет, прав пат без пречки за работа и поволна бизнис клима. Ние постоиме за нивните иницијативи и можеме да бидеме фактор и стабилизатор на македонското стопанство.

Нашата посветеност кон сите корисници, партнери и соработници останува нашиот најголем приоритет.

Ви благодарам.

Ви посакувам пријатно корисничко искуство!

**Марија Бошковска – Јанковски**

## Të nderuar përdorues,

Regjistri Qendrorë është në shërbim të komunitetit të bizenesit dhe qytetarët. Si i tillë, qëllimi ynë kryesorë është të ndëgjojmë gjithmonë për nevojat e juaja dhe t'ju përshtatemi të njejtave. Shërbimi nuk ka vlerë nësë nuk arrihet qëllimi i sajë, ajo është që të mundësonë përdoruesve tanë një qasje të thjesht, e shpejt dhe e kuptueshme.

Në këtë derjtim, kemi nderin që të paraqesim këtë doracak si mjet shtesë, nëpërmjet së cilës, përdoruesti tane dhe sipërmarësit e ardhshëm, në një vend do ti gjejnë të gjitha informacionet, me qëllim që të filloni ngritjen tuaj sipërmarëse dhe të hapëroni në botën e biznesit, ku ne qëndrojmë gjithmonë për ju për cilën do pyetje tuajën apo ndonjë ndihmë që mund t'ju nevojitet.

Është kënaqësi për mua që t'ju paraqes **Doracakun – Dua të themeloj biznes në Regjistrin Qendrorë.** Nëpërmjet këti doracaku dua të demonstroj se gjithmonë jemi në anën e përdoruesit dhe ekzistojmë të ofrojmë përkrahje maksimale për gjdo biznes ekzistues dhe subjekteve juridike potenciale në vend, si dhe për të gjithë ata që kanë të regjistruat biznes individual dhe atyre që dëshirojnë të jenë pjesë e sipërmarjes në RVM. Përdoruesit tanë e meritojnë përkrahjen tonë, kurse ne pa shmangje punojmë në këtë. Me këtë doracak qytetarët janë një hapë nga themelimi i biznesit të tyre personal. Shpresojmë se sigurojmë një përvojë të këndshme për përdoruesit dhe atyre që mvaren nga shërbimet tona, në faktë ky është prioriteti ynë më i lartë.

Gjithasthu një nga prioritet tona të larta është të ndihmojmë në ngritjen e fotografisë sipërmarëse, duke përdorur verzionin më të besueshëm dhe të vetmin me të dhënat që posedojmë. Sidomos jamë shumë krenare me "Buletinin Statistikorë", shërbim i cili është i destinuar për të gjithë përdoruesit, qytetarë, Qeverin dhe institucione të cilët kanë nevojë dhe njohuri për gjendjen dhe statusin e lëvizjeve të makro dhe mikro bizneseve të mëdha, të mesme dhe të vogla në vend, levizjet në sektorë, zona dhe veprimtari. Duke shfrytëzuar "detin me të dhëna" vendosëm që të krijojmë këtë buletin, për të ofruar një përmbledhje me të dhëna makroekonomike nga regjistrat të cilat janë nën drejtimin e RQRMV ku pasqyrohet klima e përgjithshme eknomike në vend. Iniciativa për krijimin e sajë është një kënaqësi e madhe për ne, kurse kemi për qëllim të tregojmë fotografin e parë të ekonomisë për të cilën shumë palë nga vendi dhe jashtë tij janë të itneresuar.

Në të njëjtën kohë, me këtë rast, më lejoni të shpreh kënaqësinë time për sukseset me të cilat ne bashkërisht kontribuam që ky institucion të arrijë pozicionin aktual e një organizate të pjekur nga konsumatori, jo vetëm brenda vendit, por në atë rajonal dhe ndërkombëtar, që është faktë se institucioni po lëviz me hapa shumë të guximshëm përpara.

Ky institucion konsiderohet jashtëzakonisht i vëmendshëm ndaj bashkëpunëtorëve të tij, përdoruesve të shërbimeve dhe të gjithë qytetarëve të tjerë, duke justifikuar kështu grupin e vlerave, atributet që ka fituar dhe mban me krenari pozicionin e një faktori të qëndrueshëm në krijimin e një klime të favorshme biznesi në këtë vend.

Gjatë gjithë ekzistencës së saj, Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë së Veriut është përballur me sfida të mëdha, procesi i transformimit nga një bazë qendrore me të dhënave për bizneset, deri në krijimin e një pasurie me regjistrat nga llojet e ndryshme me të dhëna përkatëse të regjistruara në to.

Me transferimin e regjistrave nga gjykata tregtare, konvertimi i dosjeve gjyqësore në formë elektronike, u krijua një regjistër i vetëm tregtar i centralizuar dhe procedura e regjistrimit të një personi juridik të ri u shkurtua nga 48 në 3 ditë, kështu që sot regjistrimi i ndërmarrjes është i mundur brenda 4 orëve.

Ndër projektet më të mëdha të këtij institucioni do ti veçoja - Ndërveprimi me Zyrën e të Ardhurave Publike, KIBS dhe agjencinë e punësimit, dorëzimi i Llogarive Vjetore ishte automatizuar, u prezantua Klauzola e Përgjithshme e Biznesit, kurse bashkësisë së biznesit i ofruam një sistem të thjeshtë për qasje dhe shpërndarje elektronike dhe konfirmim elektronik të informacionit në dispozicion 24 orë. Me rëndësi të veçantë është projekti Platforma e Përbashkët për Fillimin e Integrimit Bizneso-Teknologjik me Shkëmbimin e Standardizuar të të dhënave midis Regjistrit Qendror, Zyrës së të Ardhurave Publike dhe Agjencisë së Punësimit, tashmë është vënë në veprim dhe projekti është zbatuar plotësisht.

Në kornizë të këtij projekti u realizua edhe projekti Ueb Portali i ri për shërbimet e Regjistrit Qendrorë.

Me këtë portal ne kemi përmbushur kërkesat e Partneritetit të Hapur Qeveritar, krijuam të Dhëna të hapura, të nevojshme për përdoruesit profesional, dhomat dhe për të gjithë ata që kan nevojë për një informacion të karakterit publik lidhur me klimën e biznesit në vend.

Arritja në nivelin udhëheqës në rajon dhe më gjerë me një gamë të pasur shërbimesh dhe të dhënash, të përpunuara me teknologjinë më të fundit nuk ishte aspak e thjeshtë dhe e lehtë. Ky institucion e fitoi këtë privilegj duke kaluar nëpër një seri zhvillimore me procese komplekse, por njëherit shumë efikase, të tilla si regjistrimi elektronik i ndërmarrjes, pengut dhe lizingu, sistem elektronik për procedurat e falimentimit, nisja e një regjistri për persona të skualifikuar, e deri te projektet që lindën nga harmonizimi me direktivat e BE-së, implementimi i Regjistrit të Pronarëve të Vërtetë.

Në pajtueshmëri me Programit 4-vjeçar për Zhvillim të Regjistrit Qendror të Republikës së Maqedonisë së Veriut, me titull "Transformimi i RQRMV" nga një regjistër në një organizatë e orientuar plotesishtë ndaj shërbimit", kemi realizuar projekte madhore ku qëllimi kryesor është reforma dhe përmirësimi i klimës së përgjithshme të biznesit në vend.

Ne hapim gjithnjë e më shumë linja për komunikim me klientët dhe partnerët tanë sepse nevojat dhe kritikat e tyre janë ato që i japin drejtim e duhur drejt zhvillimit tonë.

Një hap përpara është formimi i zyrës për asistencës teknike, pa të cilin qytetarët nuk mund të shfrytëzojnë të drejtat e tyre - komunikojnë drejtpërdrejt me Regjistrin Qendror dhe regjistrojnë një subjekt nëpërmjet sistemit E - Dorëzoni vetë.

Brenda standardeve për cilësi, për të cilat institucioni është i çertifikuar, është zbatuar Standardi i Sigurisë së Informacionit - ISO 27001, posaçërisht i rëndësishëm për bazat me të dhëna dhe sigurinë e sistemeve.

Jam e nderuar dhe e kënaqur që si anëtare e komitetit ekzekutiv të Forumit Botëror të Regjistrave të Biznesit - Forumi i Regjistrave të Korporatave, me pjesmarje aktive kemi aritur të kontribuojmë në përparimin e kësaj organizate.

Përpjekjet tona si një ekip është model dhe shembull për zhvillimin e një organizate të sinkronizuar me kursin e biznesit botëror dhe përvetësimin e besimit nga qytetarët, dhe e gjithë kjo bazohet në hapat e vërtet të ndërmarur me mund gjatë shumë viteve. Këto hapa nuk janë aspak të lehtë, ato kërkojnë kompromise midis kërkesave dhe nevojave të biznesit dhe mundësive ligjore.

Bizneset duan vazhdimësi, rrugë të drejtë pa pengesa në punë dhe një klimë të favorshme biznesi. Ne ekzistojmë për iniciativat e tyre dhe mund të jemi faktor dhe stabilizues të ekonomisë maqedonase.

Prioriteti jonë më i madhë mbetet përkushtimi ndaj të gjithë përdoruesve, partnerët dhe bashkëpuntorë tonë.

Ju faleminderit

Ju uroj një përvoje të këndshme përdorimi!

**Marija Boshkovska - Jankovski**



Dear users,

The Central Registry is a service to the business community and citizens. As such, our primary goal is to always listen and adapt to their needs. The service is only worth it when the goal is achieved, which is to provide our customers with fast, simple and easy access to it.

In that regard, we are honored to present this Guide to our users and future entrepreneurs as an additional tool, through which our users will be able to find all the necessary information in one place in order to start their business venture and step into the world of business and we are always at your service for any questions or help you may need.

It is a great pleasure for me to present you **the Guide – I want to start a business at the Central Registry.** With this Guide, we want to demonstrate that we are always on the side of the users and that we exist to give maximum support to every existing and potential legal entity in the country, to all who have registered their own business, but also to anyone who would like to become part of the business community in the RNM. Our customers deserve our support, and we are inevitably working on it. With this Guide, the citizens are one step away from starting their own business. We hope to provide a pleasant user experience for everyone who depends on our services, in fact that is our top priority.

Also one of the top priorities is to help building the image of the economy using the only reliable version of data we have. I am especially proud of the "Statistical Bulletin", which is a service intended for all users, citizens, Government and institutions who have the need and interest to gain knowledge of the status and conditions of movements of large, medium and small macro and micro businesses in the country, the mobility by sectors, areas and activities. Using the "sea" of data at our disposal, we decided to create this Bulletin to offer an overview of a series of summary, macroeconomic data from the registers managed by CRRNM that reflect the general economic climate of the country. To our great satisfaction it is the initiative for its creation and it aims to give the right picture of the economy that is needed by many stakeholders inside and outside.

On this occasion please let me express my satisfaction with the successes with which we jointly contributed to this institution to reach the current position of a customer – mature organization, not only domestically, but also regionally and internationally, which is proof that the institution moves with bold steps forward.

This institution is considered extremely attentive to its associates, service users and all other citizens, thus justifying the set of values, attributes it has acquired,

and proudly carries the position of a stable factor in creating a favorable business climate in this country.

Throughout its history, the Central Registry of the Republic of North Macedonia has faced enormous challenges, starting with the processes of transformation from a central database to business, to creating a wealth of other types of registers and relevant data entered in them.

A Single Centralized Trade Registry was established with the transfer of registration from the Commercial Courts, the conversion of court files in electronic form and the registration procedure of a legal entity was shortened from 48 to 3 days, so that today company registration is possible within 4 hours.

Among the larger project of this institution I would single out - Interoperability with the Public Revenue Office, KIBS and Employment Agency, the submission of Annual Accounts was automated, the general business Clause was introduced, and we offered the business community a simple distribution system and E-certificate system for information available 24 hours. Of particular importance is the project Joint Platform for Starting Business Technological Integration with Standardized Data Exchange between the Central Registry, the Public Revenue Office and the Employment Agency, which has already been put into operation, and the project is fully implemented.

Within this project, the project New Modernized Web Portal for the services of the Central Registry was realized.

With the New Portal we have fulfilled the requirements of the Open Government Partnership, we have created OPEN DATA, necessary for professional users, chambers and all those who need public information related to the business climate in the country.

Reaching the level of leadership in the region and beyond with a rich range of services and data, processed using the latest technology was by no means simple and easy. This institution gained this privilege by going through a series of complex but very efficient development processes, such as E-registration of companies, Pledge and Leasing, Electronic System for Bankruptcy Proceedings, introduction of Disqualified Persons Registry, to the projects that arose from harmonization with the EU Directives, ie the implementation of the Beneficial Ownership Registry.

According to the 4-year Development Program of the Central Registry of the Republic of North Macedonia, entitled "Transformation of CRNM from a Registry to a service-oriented organization", we have implemented major projects whose key goal is reform, ie improving the overall business climate in the country.

We open more and more channels for communication with our clients and partners because their needs and their criticism is what gives direction to our development.

A step forward is the establishment of the technical assistance department, where citizens will have an opportunity to communicate directly with the Central Registry and will be able to make registration of an entity through the E- Submit project.

Within the quality standards, for which the institution is certified, the Information Security Standard - ISO 27001 has been implemented, especially important for the databases and the security of the systems.

I am honored and pleased that as a member of the Executive Committee of the World Forum of Business Registers - Corporate Registers Forum, we succeed in actively participating in the forum to contribute to the progress of this organization.

Our efforts as a team are a model and example for the development of an organization synchronized with the world business course and building trust among the citizens, and all this is based on taking real steps and many years of hard work. These steps are not easy at all, they require compromises between the needs of the business users and the legal possibilities.

Companies want continuity, a straight path without obstacles to work and a favorable business climate. We exist for their initiatives and we can be a factor and stabilizer of the Macedonian economy.

Our commitment to all customers, partners and associates remains our highestpriority.

Thank you.

I wish you a pleasant user experience!

**Marija Boshkovska - Jankovski**

# СОДРЖИНА:

**1. ЗА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР** 15

1.1 Регионални Регистрациони Канцеларии / Реистрациони Канцеларии 16

**2. РЕГИСТРИ КОИ СЕ ВОДАТ ВО ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР** 18

**3. ЕДНОШАЛТЕРСКИ СИСТЕМ** 20

3.1. Централниот регистар преку едношалтерскиот систем овозможува: 21
3.2. Централниот регистар преку едношалтерскиот систем врши: 21

**4. КОИ СЕ ОБВРСКИТЕ КОИ МОЖЕ ДА СЕ ЗАВРШАТ ВО ОВАА ИНСТИТУЦИЈА?** 22

**5. КОИ ИНФОРМАЦИИ/ПОТВРДИ МОЖЕ ДА СЕ ОБЕЗБЕДАТ ОД ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР?** 23

**6. КАКО ДО СОПСТВЕН БИЗНИС?** 24

6.1. Видови на правни лица согласно Закон за трговски друштва 25
6.2. Во регистарот на други правни лица се запишуваат податоци за следните субјекти на упис: 25

**7. КАКО СЕ ДОБИВА ПРИСТАП ЗА САМОСТОЈНА ЕЛЕКТРОНСКА РЕГИСТРАЦИЈА?** 26

7.1. Поднесување на пријава преку овластено лице – самостојна регистрација на правен субјект (Поднеси сам) 27
7.2. Поднесување на пријава преку регистрационен агент (Адвокати и Сметководители) 27
7.2.1. Како се добива овластување за Регистрационен агент? 28
7.3. Рок за поднесување пријава за упис во Трговскиот регистар 28

**8. ПОДАТОЦИ КОИ СЕ ЗАПИШУВААТ ВО ЕЛЕКТРОНСКАТА ПРИЈАВА ЗА УПИС** 29

8.1. Уплата и внесување на влогови 30

8.2. Право на правен лек – жалба 30
8.3. Промена на податоци за запишаните субјекти 31

**9. ПОСТАПКА НА БРИШЕЊЕ НА НЕАКТИВНИ СУБЈЕКТИ ОД НАДЛЕЖЕН РЕГИСТАР 32**

**10. РЕГИСТАР НА ВИСТИНСКИ СОПСТВЕНИЦИ 34**

**11. ОСТАНАТИ ОБВРСКИ КОИ МОЖЕ ДА СЕ НАПРАВАТ ВО ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР 36**

10.1. Да се поднесе годишна сметка 37
10.2. Да се обезбеди побарување 37
10.3. Да пријавите директна инвестиција и вложување во недвижности 37
10.4. Да се избрише субјект 37

**12. ИНФОРМЦИИ И ПОТВРДИ КОИ МОЖЕ ДА СЕ ДОБИЈАТ ОД ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР 38**

12.1. Финансиски информации 39
12.2. Деловни податоци и потврди за субјекти 39
12.3. Прекршоци, казни и забрани 40
12.4. Потврди за залог, лизинг и други побарувања 40
12.5. Инвестиции, вложувања и имот 41
12.6. Останати услуги, потврди и информации 41

**13. ЕЛЕКТРОНСКО ПРЕЗЕМАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ/ ПОТВРДИ ОД ЦР 42**

13.1. Интернет Дистрибутивен Систем – ИДС 43
13.1.2. Како до регистриран корисик на системот? 43
13.2. Систем за Е-Потврди 43
13.2.1. Како до регистриран корисик на системот? 43
13.3. Тендерско досие 43
13.3.1. Овозможени пакети преку тендерско досие: 44

**14. ВЕБ ПОРТАЛ НА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР 45**

**КРАТЕНКИ: 47**

# 1.

# ЗА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР

Централниот регистар е институција основана во 2001 година со Законот за Централен регистар и претставува централна информативна база на правни и друг вид релевантни податоци. Податоците кои се внесуваат во соодветните регистри на ЦР, електронски се обработуваат, обединуваат, селектираат, чуваат и се прават достапни до заинтересираните корисници.

Централниот регистар е организиран на начин што има вкупно 27 канцеларии – 10 Регионални Регистрациони Канцеларии и 17 Регистрациони Канцеларии, распоредени во сите поголеми градови во РСМ. Сите канцеларии на ЦР се поврзани со централна база на податоци во реално време, преку IPVPN (виртуелна мрежа базирана на интернет протокол) што овозможува лесен пристап до податоците за сите заинтересирани корисници на целата териоторија низ Републиката.

### 1.1 Регионални Регистрациони Канцеларии / Реистрациони Канцеларии

**РРК Скопје**, **РРК Тетово**, **РРК Гостивар**, РК Кичево, **РРК Охрид,** РК Струга, РК Дебар, **РРК Битола,** РК Ресен, **РРК Прилеп,** РК Македонски Брод, **РРК Велес,** РК Неготино**, РРК Гевгелија**, РК Кавадарци, **РРК Штип,** РК Свети Николе, РК Пробиштип, **РРК Струмица,** РК Радовиш, РК Валандово, **РРК Кочани,** РК Берово, РК Делчево, РК Виница, **РРК Куманово,** РК Крива Паланка.

Централниот регистар заради заштита на своите податоци, има обезбедена секундарна локација за чување на истите – **Disaster Recovery System**, чија локација се наоѓа во Штип.

## МИСИЈА

Мисија на ЦРРСМ е да ги прошири и развие своите бази со дополнителни податоци (формирање на нови основни регистри и постојано унапредување на постојните) со што ЦРРСМ ќе стане единствена централна информативна база на правни и друг вид релевантни податоци, значаен учесник во креирањето на подобра бизнис клима во Републиката, промотор на странски инвестиции и општествено одговорна Институција, а со самото тоа директно ќе влијае на развојот на националната економија.

## ВИЗИЈА

***ТОЧНА И НАВРЕМЕНА ИНФОРМАЦИЈА - ПАТОТ КОН ПОДОБРА БИЗНИС КЛИМА***

ЦРРСМ како централна информативна база на правни и друг вид на релевантни податоци, се стреми кон свој постојан напредок и развој. Податоците содржани во базата на податоци на ЦРРСМ се лесно достапни до сите заинтересирани страни – домашни и странски, физички и правни лица. На барањата и потребите на заинтересираните страни треба брзо да одговори. Интенција е достапноста на

податоците постојано да се унапредува преку примена на најновите технолошки достигнувања од областа на IT Технологијата, како и постојано унапредување на хардверската инфраструктура и софтверските решенија при што се води сметка за деловниот континуитет во работењето како врвен приоритет.

Имајќи ја во предвид важноста на податоците со кои располага постои посебна посветеност за одржување на нивниот/та интегритет, достапност и доверливост како и нивниот квалитет и додадена вредност. Во своето деловно работење применува меѓународно воспоставени пракси кои претставуваат етика во глобалниот бизнис свет.

Доказ за сето ова е имплементираниот систем за безбедност на информации во согласност со меѓународните барања на **ISO 27001:2013 Information security.**

Воспоставениот систем за безбедност на информации е дел од Интегрираниот менаџмент систем заедно со **ISO 9001 Quality management**, **ISO 14001 Environmental management** како и **ISO 45001 Occupational health and safety**, што гарантира грижа за корисниците, вработените и животната средина при исполнување на својата дејност. За наведениот систем поседуваме меѓународно признаени сертификати кои се со следното подрачје на примена: Внес, обработка, чување и давање на користење на правни и други релевантни податоци од Централната информативна база – Регистар, преку воспоставен системски менаџмент, стратешко планирање, маркетинг, комуникација и управување со информатичката технологија.

Централниот регистар како водечка институција во регионот и пошироко, е активен член на сите релевантни меѓународни асоцијации на бизнис регистри и тоа:

- Европската асоцијација на бизнис регистри (European Business Registers Association – **EBRA**);
- Форумот на корпоративни регистри (Corporate Registers Forum – **CRF**);
- Меѓународната асоцијација на комерцијални администратори (International Association of Commercial Administrators – **IACA.**)

# 2.

# РЕГИСТРИ КОИ СЕ ВОДАТ ВО ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР

- Трговски регистар и Регистар на други правни лица
- Регистар на вистински сопственици
- Регистар на годишни сметки
- Заложен регистар
- Регистар на лизинг
- Регистар на права врз недвижности
- Регистар на директни инвестиции
- Регистар на вложувања во недвижности
- Регистар на казни за сторени кривични дела на правни лица
- Регистар на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана за вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност
- Регистар на задолжници
- Фидуцијарен регистар – Регистар за обезбедување со пренос на сопственост на предмети и пренос на право
- Регистар на продажба на подвижни ствари со задржување на правото на сопственост
- Адресен регистар

# 3.
# ЕДНОШАЛТЕРСКИ СИСТЕМ

Едношалтерски систем е систем којшто овозможува прием, обработка, дистрибуција и обединет пристап кон податоците определени со закон, запишани во Трговскиот регистар и во Регистарот на други правни лица и другите основни регистри воспоставени со закон од значење за субјектите на упис.

Едношалтерскиот систем е насочен кон воспоставување на систем кој го интегрира приемот, обработката, дистрибуцијата на податоците кои се запишуваат во Трговскиот регистар и Регистарот на други правни лица, како и другите основни регистри воспоставени со закон од значење за субјектите на упис.

**3.1. Централниот регистар преку едношалтерскиот систем овозможува:**

- Обезбедување на податоци кои се задолжителни за почеток на работењето на субјектите на упис;
- Обединување на сите правно релевантни податоци во едно решение правно валидно за почеток на работењето и остварување на правата на одреден субјект и достапност на податоците;
- Достапност до уписите и посебните регистри или бази на податоци;
- Користење на податоци кои врз договорна основа внесуваат одредени податоци за Едношалтерскиот систем.

**3.2. Централниот регистар преку едношалтерскиот систем врши:**

- Определување и доделување на единствен матичен број на субјектот на уписот (ЕМБС);
- Определување на назив и шифра на приоритетна дејност според НКД;
- Определување на шифра на организациониот облик на субјектот;
- Внесување на единствениот даночен број (ЕДБ) на субјектот на упис;
- Внесување на број на обврзник за данокот на додадена вредност за субјектот на упис (број на ДДВ обврзник),
- Внесување на сметка од банка по избор на субјектот на упис и други податоци од значење на субјектот на упис;
- Внесување на податоци за првото вработување на лицата овластени за застапување (застапник по закон) на субјектите на упис и нивно вклучување во задолжителното социјално осигурување (пензиско, инвалидско и здравствено осигурување) доколку е поднесена пријава и
- Доделување и менување главната приходна шифра.

» Централниот регистар преку едношалтерскиот систем обезбедува електронско решение за водење на регистарот на лица кои не можат да основаат и да управуваат со трговски друштва во РСМ согласно со одредбите од Законот за трговските друштва.

# 4.

# КОИ СЕ ОБВРСКИТЕ КОИ МОЖЕ ДА СЕ ЗАВРШАТ ВО ОВАА ИНСТИТУЦИЈА?

» Да се основа нов субјект;
» Да се променат податоци за субјектот;
» Да се поднесе годишна сметка и финансиски извештај;
» Да се обезбеди побарување;
» Да се пријави директна инвестиција и вложување во недвижности;
» Да се избрише субјект;
» Да се извршат и други уписи или обврски.

# 5.
# КОИ ИНФОРМАЦИИ/ ПОТВРДИ МОЖЕ ДА СЕ ОБЕЗБЕДАТ ОД ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР?

» Финансиски информации од обработени годишни сметки;
» Деловни податоци и потврди за субјекти;
» Пакет потврди и информации;
» Статистички извештаи;
» Прекршоци, казни и забрани;
» Потврди за залог, лизинг и други побарувања;
» Инвестиции, вложувања и имот;
» Информација од Регистарот на задолжници;
» Поединечен податок од Регистарот на задолжници;
» Историјат од Регистарот на задолжница;
» Останати услуги, потврди и информации.

# 6.
# КАКО ДО СОПСТВЕН БИЗНИС?

**Отпочнете го својот бизнис најпрво со регистрација на Вашиот правен субјект.**

Регистрација на правно лице во Трговскиот регистар и Регистарот на други правни лица претставува интегрирана услуга која подразбира упис на податоци за субјектот во соодветниот регистар.

Постапката за упис на основање на субјект се поведува со поднесување на пријава за упис во хартиена или електронска форма.

Подносител на пријавата е лице кое со закон е овластено да поднесува пријава за упис. Пријавата за упис во електронска форма во име на подносителот може да биде поднесена и од страна на регистрационен агент.

## 6.1. Видови на правни лица согласно Закон за трговски друштва

- Трговец поединец ТП;
- Друштво со ограничена одговорност ДОО;
- Друштво со ограничена одговорност од едно лице ДООЕЛ;
- Јавно трговско друштво;
- Командитно друштво;
- Акционерско друштво АД;
- Подружници и претставништва на странски лица;
- Стопанска интересна заедница.

## 6.2. Во регистарот на други правни лица се запишуваат податоци за следните субјекти на упис:

- Здруженија, Фондации, Сојузи, Заедница на сопственици;
- Установи;
- Адвокати;
- Нотари;
- Извршители.

Пријавата за упис на субјекти во Регистарот на други правни лица се поднесува во хартиена форма.

Пред поднесување на пријава за упис на основање, препорачливо е да се изврши проверка и да се резервира називот на правниот субјект користејќи ја услугата **„Проверка и резервација на име“**, истото може да се електронски преку веб страницата на Централниот регистар – www.crm.com.mk .

# 7.

# КАКО СЕ ДОБИВА ПРИСТАП ЗА САМОСТОЈНА ЕЛЕКТРОНСКА РЕГИСТРАЦИЈА?

За да може самостојно да се врши електронска регистрација, подносителот треба да е регистриран во Системот за централизирано најавување на корисници, да обезбеди квалификуван дигитален сертификат и по прикачување на истиот во Системот да побара пристап до е-поднесување во Трговскиот регистар. Притоа по побараниот пристап, потребно е да се испрати Известување за Побаран пристап на меил e-podnesisam@crm.org.mk и доколку барањето во целост уредно е испратено, ќе биде одобрено.

### 7.1. Поднесување на пријава преку овластено лице – самостојна регистрација на правен субјект (Поднеси сам)

Во зависност од начинот на поднесување предвиден со Закон за различните типови на субјекти, оваа услуга овозможува самостојно (без посредство на Регистрационен агент) да поднесете пријава за основање на нов правен субјект или пријава за упис на промена, со тоа што сите учесници во постапката треба да поседуваат дигитален сертификат.

При електронско поднесување, секој од документите кои се дел од пријавата треба да бидат електронски потпишани со дигитален сертификат од страна на неговите потписници, на институцијата која го издава и/или соодветен законски застапник (пр. Нотар, Адвокат, Сметководител итн.)

### 7.2. Поднесување на пријава преку регистрационен агент (Адвокати и Сметководители)

**„Регистрационен агент“** е трговец поединец или трговско друштво кое е регистрирано за вршење на сметководствена дејност, адвокат и адвокатско друштво кои имаат овластување за поднесување пријава за упис преку Системот за Е -регистрација.

Пријавата за упис на основање на трговец поединец и на сите форми на трговски друштва се поднесува во единствениот трговски регистар кој го води ЦР, преку регистрационен агент, исклучиво во електронска форма преку системот за Е-регистрација, освен во случај кога уписот се врши врз основ на правосилна судска одлука или одлука на орган на државна управа.

Регистрациониот агент (трговец поединец и трговско друштво, како сметоводител/ овластен сметководител) врши електронско поднесување на пријавата за упис на основање на трговец поединец, друштво со ограничена одговорност и друштво со ограничена одговорност на едно лице.

Регистрациониот агент адвокат поединец или адвокатско друштво вршат електронско поднесување на пријава за упис на трговец поединец, пријава за упис на основање, промена и бришење на сите форми на трговски друштва определени со Законот за трговските друштва во единствениот трговски регистар.

Регистрационен агент го утврдува идентитетот на учесниците во постапката (лична карта, патна исправа или доказ за регистрација во надлежен регистар), вистинитоста на потписите на пријавата и прилозите и истите ги заверува со свој дигитален потпис.

### 7.2.1. Како се добива овластување за Регистрационен агент?

Овластување за регистрационен агент, добива трговец поединец или трговско друштво кое е регистрирано за вршење на сметководствена дејност, адвокат и адвокатско друштво , врз основа на поднесено барање за добивање на овластување и прилози согласно Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица.

Покрај поднесеното барање и потребните прилози, подносителот треба да е регистриран во Системот за централизирано најавување на корисници, да обезбеди квалификуван дигитален сертификат и по прикачување на  истиот во Системот да побара пристап до е-поднесување во Трговскиот регистар.

Доколку се исполнети условите за добивање Овластување регистрационен агент, Централниот регистар ќе го издаде  Овластувањето.

На официјалната веб страница на Централен регистар објавени се Листи на овластени регистрациони агенти, како и дигитални сертификати, прифатливи за системите на ЦРРСМ.

### 7.3. Рок за поднесување пријава за упис во Трговскиот регистар

Субјектите за коишто е утврден задолжителен упис во трговскиот регистар се должни во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на стекнувањето на условите за поднесување пријава за упис во Трговскиот регистар да поднесат пријава за упис, освен ако со овој и со друг закон поинаку не е определено. По истекот на 3 (три) месеци од денот на стекнување на условите за поднесување пријава, Централниот регистар не запишува податоците и пријавата ја отфрла, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

# 8.

# ПОДАТОЦИ КОИ СЕ ЗАПИШУВААТ ВО ЕЛЕКТРОНСКАТА ПРИЈАВА ЗА УПИС

- Фирма и седиште на друштвото;
- Предмет на работење на друштвото;
- Име презиме, ЕМБГ, број на пасош, односно број на лична карта ако содружникот е странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот-важечка во неговата земја, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, ЕМБС, ако содружникот е правно лице;
- Износот на основна главнина;
- Денот на склучување на договорот на друштвото, односно денот на потпишување на изјавата за основање на друштвото;
- Времетраењето, ако тоа е определено со договорот или изјавата на друштвото;
- Име, презиме на управителот, на членовите на надзорен одбор, односно контролорот, ако друштвото има орган на надзор, ЕМБГ, занимање, број на пасош, односно број на лична карта за странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот-важечка во неговата земја, како и местото на живеење;
- Овластување за застапување на друштвото;
- Адреса на електронско сандаче за прием на писмена;
- Упис на подружница ( доколку друштвото организира подружница);
- Пријава за вработување (опционално);
- Пријава за ДДВ обврзник (опционално).

### 8.1. Уплата и внесување на влогови

Пред поднесување на пријава за упис на основање на ДОО и ДООЕЛ, содружникот нема обврска за уплаќање на паричниот или внесување на непаричниот влог. Во случај на уплата на паричниот влог пред поднесување на пријава за упис, уплатата се врши на привремена сметка на друштвото кај носител на платен промет. Рокот за внесување на паричниот/непаричниот влог е една година. По истекот на една година од објавувањето на уписот на веб страната на ЦР за извршениот упис на основање доколку друштвото не го внесе/уплати основачкиот влог, за истото Централниот регистар започнува постапка за бришење на неактивен субјект од надлежниот регистар.

### 8.2. Право на правен лек – жалба

Против решението за упис е дозволена жалба. Жалбата се поднесува во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението во писмена форма , односно

од денот на објавувањето на веб страницата на ЦР, до Комисија за жалби како второстепен орган.

### 8.3. Промена на податоци за запишаните субјекти

Пријавата за упис на промена може да се поднесе од страна на регистрационен агент (адвокат) или од страна на овластено лице-управител (поднеси сам).

Секоја промена на податоците се запишува во Трговскиот регистар и Регистарот на други правни лица , Субјектот на упис може да бара да се менува, дополнува, ажурира и брише податок на извршен упис во регистарот или да се врши измена или дополнување на прилозите. Податок на извршен упис може да се менува, дополнува, ажурира и брише и согласно правосилна судска одлука.

# 9.
# ПОСТАПКА НА БРИШЕЊЕ НА НЕАКТИВНИ СУБЈЕКТИ ОД НАДЛЕЖЕН РЕГИСТАР

Постапката за бришење на трговците поединци и трговските друштва се спроведува согласно член 552-а од причини определени во член 552-б од истиот закон, поради тоа што: не поднеле годишна сметка за деловната година и/или не поднеле пријава за упис на адреса на електронско сандаче за прием на писмена согласно член 21 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица и/или по истекот на една година од објавувањето на уписот на веб страницата на Централниот регистар на Република Северна Македонија за извршен упис на основање согласно со членот 175 од овој закон не го внесе/уплати основачкиот влог.

Доколку во рок од една година Централниот регистар на Република Северна Македонија не добие писмено известување за поднесен предлог за ликвидација, односно предлог за отворање стечајна постапка од страна на овластен подносител, го брише субјектот и бришењето го објавува на својата веб страница.

Доколку за субјектите од списокот е евидентирано писмено известување за поднесен предлог за ликвидација, односно предлог за отворање стечајна постапка од страна на овластен подносител, во рок од една година од истекот на рокот од претходниот став, Централниот регистар не добие решение за отворена стечајна постапка, односно не е отворена постапка за ликвидација, го брише субјектот и бришењето го објавува на својата веб страница.

Централниот регистар на својата веб страница објавува Соопштение за отпочнување на постапка за бришење и на трговски друштва и трговци поединци за кои Управата за Јавни Приходи во постапка согласно член **477а** од Законот за Трговски Друштва, со решение утврдила статус на неактивен субјект три години по ред.

ЦР се до истекот на законскиот рок за објава ќе врши редовно ажурирање на објавениот список на тој начин што од истиот ќе ги отстрани трговците поединци и трговските друштва кои ги отстраниле причините поради кои биле ставени на списокот како и оние кои по објавата на списокот се избришани од трговскиот регистар по пат на стечај, по пат на ликвидација или согласно член 18 од Законот за Трговските друштва.

Централниот регистар на Република Северна Македонија согласно став 5 од член 552-а од Законот за Трговските друштва, секој месец на својата веб страница објавува преглед на трговци поединци и трговски друштва кои согласно со овој член се избришани од Трговскиот регистар во текот на претходниот месец, врз основа на кој надлежните органи и институциите постапуваат во рамките на нивните надлежности.

# 10.
# РЕГИСТАР НА ВИСТИНСКИ СОПСТВЕНИЦИ

Во согласност со Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, а во соработка со Управата за финансиско разузнавање, во Централниот регистар е воспоставен Регистар на вистински сопственици.

Регистарот не само што претставува централизирана база на податоци заради обезбедување на сигурност во правниот и финансискиот промет, туку и основна алатка за спроведување на соодветна анализа и неопходната контрола над правните субјекти во борбата против перењето пари и финансирањето на тероризам од страна на Управата за финансиско разузнавање и другите надлежни органи.

„Вистински сопственик" е секое физичко лице (лица) кое е краен сопственик на субјектот или го контролира субјектот и/или физичко лице (лица) во чие име и за чија сметка се извршува трансакција. Поимот вклучува и физичко лице (лица) кое врши крајна и ефективна контрола над правно лице или странски правен аранжман.

Воспоставувањето на Регистарот на вистински сопственици има за цел евидентирање и обезбедување на точни и ажурни податоци за вистинските сопственици на правните субјекти заради обезбедување на висок степен на транспарентност на сопственичката структура. Во Регистарот се внесуваат податоци за сите постоечки субјекти иницијално, како и за сите настанати промени во сопственичката структура на субјектите.

За точноста, адекватноста и ажурноста на податоците внесени во Регистарот се одговорни овластените лица на правните субјекти, а уписот се спроведува единствено електронски, преку интернет, при што подносителите се идентификуваат и пријавите се потпишуваат со електронски потпис. Овластените лица уписот може да го спроведуваат самостојно или пак да овластат друго лице да поднесе пријава во нивно име.

Покрај уписот во регистарот на вистински сопственици, во Централен регистар достапни се и Информации од Регистарот на вистински сопственици:

- Тековна состојба за ТД-ДПЛ со преглед за вистински сопственици/- Тековна состојба на сопственост по ТД-ДПЛ;
- Тековна состојба за конретно физичко лице со преглед на субјекти каде е евидентиран како вистински сопственик/- Тековна состојба на сопственоста по лице;
- Историјат на вистинските сопственици/сопственоста за конкретно за ТД-ДПЛ/- Историски податоци за промените на сопственоста по ТД-ДПЛ;
- Историјат за конкретно физичко лице со преглед на субјекти каде се бил евидентиран како вистински сопственик/- Историјат на промени на состојбата по лице.

За сите дополнителни информации поврзани со регистарот, можете да се информирате од официјалната веб страница на ЦР или на контакт формите достапни за комуникација.

# 11.

# ОСТАНАТИ ОБВРСКИ КОИ МОЖЕ ДА СЕ НАПРАВАТ ВО ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР

### 11.1. Да се поднесе годишна сметка

- Годишна сметка - Хартиено поднесување;
- Годишна сметка - Електронско поднесување;
- Консолидирана годишна сметка - Електронско поднесување;
- Консолидирана годишна сметка - Хартиено поднесување;
- Ревизорски извештај - Електронско поднесување;
- Ревизорски извештај - Хартиено поднесување.

### 11.2. Да се обезбеди побарување

- Упис на залог;
- Промена на залог;
- Бришење на залог;
- Упис на лизинг;
- Промена на лизинг;
- Бришење на лизинг;
- Упис на фидуцијарен пренос на правото на сопственост;
- Промена на фидуцијарен пренос на правото на сопственост;
- Бришење на фидуцијарен пренос на правото на сопственост;
- Упис на продажба на подвижни ствари со задржување на право на сопственост;
- Промена на продажба на подвижни ствари со задржување на право на сопственост;
- Бришење на продажба со задржување на право на сопственост.

### 11.3. Да пријавите директна инвестиција и вложување во недвижности

- Упис на директна инвестиција - нерезиденти во Македонија;
- Промени и бришење на директна инвестиција - нерезиденти во Македонија;
- Упис на директна инвестиција– резиденти во странство;
- Промени и бришење на директна инвестиција – резиденти во странство;
- Упис на вложување во недвижност;
- Промени и бришење на вложување во недвижност.

### 11.4. Да се избрише субјект

- Самостојно изведување на ликвидација на правно лице во фази;
- Ликвидација на правно лице во фази преку Регистрационен агент;
- Самостојно бришење и скратена ликвидација;
- Бришење и скратена ликвидација преку Регистрационен агент.

# 12.
# ИНФОРМЦИИ И ПОТВРДИ КОИ МОЖЕ ДА СЕ ДОБИЈАТ ОД ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР

### 12.1. Финансиски информации

- Листинг од обработена годишна сметка;
- Листинг од обработена годишна сметка со оценка на работењето;
- Листинг од обработена годишна сметка и готовински текови со оценка на работењето;
- Листинг од обработена годишна сметка и готовински текови изработен на англиски јазик;
- Листинг од годишна сметка и готовински текови;
- Скратен исказ од годишна сметка;
- Скратен исказ од годишна сметка со оценка на работењето;
- Информација за економско - финансиската состојба;
- Информација за структура на приходи на дејност – СПД;
- Анализа на паричен тек и промени на капиталот;
- Оценка на ликвидност со мислење;
- Извештај за Билансот на состојба и податоци од билансот на успех;
- Статистички билтен.

### 12.2. Деловни податоци и потврди за субјекти

- Проверка и резервација на име на субјект;
- Основен профил на регистриран субјект;
- Тековна состојба на субјект;
- Историјат на промени за субјект;
- Потврда за регистрирана дејност (ДРД);
- Потврда за ликвидациона постапка за субјект;
- Потврда за стечајна постапка за субјект;
- Тековни банкарски сметки на субјект;
- Историјат на банкарски сметки на субјект;
- Поединечни податоци од Трговски регистар и Регистарот на други правни лица;
- Увид во досие од Трговски регистар и Регистарот на други правни лица;

- Скенирани записи од Трговски регистар;
- Објави на уписи за субјекти.

### 12.3. Прекршоци, казни и забрани

- Забрана за основање на нови правни лица;
- Казна престанок на правното лице;
- Забрана за користење на субвенции и други поволни кредити;
- Забрана за добивање дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон;
- Одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон;
- Забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно - приватно партнерство;
- Привремена забрана за вршење одделна дејност преку казна;
- Привремена забрана за вршење одделна дејност преку санкција;
- Забрана за вршење професија, дејност или должност;
- Трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- Проверка за постоење на главна парична казна;
- Проверка за постоење на кривична судска одлука;
- Проверка за постоење на прекршочна судска одлука;
- Историјат на санкции за субјект.

### 12.4. Потврди за залог, лизинг и други побарувања

- Интегрирана потврда од залог, лизинг, фидуција и продажба;
- Интегрирана потврда од залог и лизинг;
- Информација за заложено средство, должник, сопственик или деловоден број;
- Скенирани записи од Заложен регистар;
- Информација за предмет на лизинг, корисник на лизинг или деловоден број;
- Скенирани записи од Регистар на лизинг;
- Информација за фидуцијарно средство, должник, фидуцијарен должник или деловоден број;

- Информација за средство - предмет на продажба со задржување на сопственост, купувач, продавач или деловоден број.

### 12.5. Инвестиции, вложувања и имот

- Информација за права врз недвижности;
- Збирни податоци за вложувања во недвижности;
- Актуелна состојба на директна инвестиција;
- Историјат на директна инвестиција;
- Други неспомнати податоци од Регистарот за директни инвестиции;
- Увид во досие на директна инвестиција;
- Заверка на фотокопие од решение  и други документи за регистрација на директна инвестиција од Министерство за економија.

### 12.6. Останати услуги, потврди и информации

- Пристап до информации преку Дистрибутивен систем;
- Увид во досие од Трговски регистар и Регистарот на други правни лица;
- Скенирани записи од Трговски регистар;
- Увид во досие на директна инвестиција;
- Заверка на фотокопие од решение  и други документи за регистрација на директна инвестиција од Министерство за економија;
- Скенирани записи од Заложен регистар;
- Скенирани записи од Регистар на лизинг;
- Податоци од Адресен регистар;
- Листа за избор на стечајни управници;
- Податоци и објави од е-Стечај;
- Преглед и учество во е-Аукција;
- Статус на обработка на предмет.

# 13.
# ЕЛЕКТРОНСКО ПРЕЗЕМАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ/ ПОТВРДИ ОД ЦР

### 13.1. Интернет Дистрибутивен Систем – ИДС

Интернет Дистрибутивниот систем е систем кој овозможува електронски пристап до податоците на правните субјекти регистрирани во Централниот регистар и истиот е достапен 24 часа, 7дена во неделата. Податоците може да се добијат во хартиена или електронска потврда/информација.

#### 13.1.2. Како до регистриран корисик на системот?

За да се станете регистриран корисник на системот, потребно е да се:

- Потпише Договор за користење на Интернет Дистрибутивен систем со Централниот Регистар;
- Изврши уплата од најмалку 5.000,00 денари (пет илјади денари) која се користи за нарачка на потврди и информации;
- Креира кориснички профил;
- Побара пристап до апликацијата Дистрибутивен систем.

### 13.2. Систем за Е-Потврди

Системот за Е-потврди е систем кој исто така овозможува електронски пристап до податоците на правните субјекти регистрирани во Централниот регистар 24 часа, 7дена во неделата, со користење на платежна картичка при секоја нарачка на потребната информација/потврда.

При секоја нарачка, корисникот има можност да направи своја кошничка од нарачани информации и истите да ги преземе во бараниот формат.

#### 13.2.1. Како до регистриран корисик на системот?

За да се станете регистриран корисник на системот, потребно е да се:

- креира кориснички налог
- пристапот до овој Систем е овозможен без претходно побаран пристап.

### 13.3. Тендерско досие

Тендерското досие овозможува на компаниите да ги набават потребните документи што ги издава Централниот регистар за учество во постапките за јавни набавки со електронска нарачка преку електронскиот систем за спроведување на постапките за јавни набавки **(ЕСЈН).**

Оваа услуга овозможува нарачка на пакет од сите документи потребни за докажување на личната и професионалната способност на економските

оператори и истата се користи преку порталот на Бирото за јавни набавки, односно како дополнителна опција при регистрацијата на **(ЕСЈН).**

Услугата преставува претплата за автоматско обновување на документи во рок од 1 (една) година и се користи единствено преку порталот на Бирото за јавни набавки, односно како дополнителна опција при регистрацијата на Електронскиот Систем за Јавни набавки.

**13.3.1. Овозможени пакети преку тендерско досие:**

- Пакет документи за докажување на личната состојба и професионална способност (Тендерско досие)
- Пакет документи за докажување на лична состојба, професионална способност и економско – финансиска состојба (Тендерско досие).

# 14.
# ВЕБ ПОРТАЛ НА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР

На веб порталот на Централен регистар www.crm.com.mk согласно проектот **Отвореното владино партнерство**, ОТВОРЕНИ се податоци, нужни за професионалните корисници, коморите и за сите кои имаат потреба од информации од јавен карактер поврзани со бизнис климата во земјава.

**„Основен профил на регистриран субјект“** – Оваа услуга обезбедува основни тековни податоци за субјектите кои се евидентирани во Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица.

**„Статистички билтен“** – преглед на низа сумарни, макроекономски податоци од регистрите кои ги управува ЦРРСМ, а кои ја одразуваат генералната економска клима на државата.

Сите статистички филтри се имплементирани да даваат податоци на ниво на целата држава, како и на ниво на секој статистички регион одделно.

**“Статусот на обработка на предмет”** – Преку оваа услуга, секој подносител во системите ја има можноста да го следи статусот на обработка на предметот за кој е поднесена пријава.

Сите дополнително потребни информации, кориснички упатства како и помош при користење на услугите на Централниот регистар може да ги добиете на www.crm.com.mk .

# КРАТЕНКИ:

**ЦР** – Централен регистар

**ЦРРСМ** – Централен регистар на Република Северна Македонија

**РСМ** – Република Северна Македонија

**РРК** – Регионална регистрациона канцеларија

**РК** – Регистрациона канцеларија

**ISO** – International Standardization Organization

**ЕМБС** – Единствен матичен број на субјектот

**ЕДБ** – Единствен даночен број

**НКД** – Национална класификација на дејности

**ТП** – Трговец поединец

**ТД** - Трговско друштво

**ДПЛ** – Други правни лица

**ДООЕЛ** – Друштво со ограничена одговорност на едно лице

**ДОО** – Друштво со ограничена одговорност

**АД** – Акционерско друштво

**ЕСЈН** – Електронски систем за јавни набавки

**ТР** – Трговски регистар

**ИДС** – Интернет дистрибутивен систем

**ДДВ** – Данок на додадена вредност

**СПД** – Структура на приходи по дејности

**ДРД** – Документ за регистрирана дејност